# Како да добиете уверение дека сте ја примиле вашата вакцина против COVID-19

Macedonian

Откако ќе ја примите вакцината, во вашата **immunisation history statement (потврда за историјата на имунизација)** ќе биде заведено дека сте се вакцинирале против COVID-19.

Оваа потврда можете да ја добиете преку:

- вашата онлајн сметка за Medicare
- Express Plus Medicare app
- Australian Immunisation Register или
- My Health Record

## Онлајн сметка за Medicare (Medicare online account)

1. Пријавете се на вашата **myGov** сметка (my.gov.au) и изберете **Medicare**
2. Во делот **Immunisation history (Историја на имунизација)**, изберете **View statement (Прегледај ја потврдата)**
3. Изберете го вашето име
4. Изберете **View history statement (Прегледај ја потврдата за историјата на имунизација (PDF))**

## Express Plus Medicare app

1. Отворете ја апликацијата и пријавете се
2. Во делот **Services (Услуги)**, изберете **Immunisation history**
3. Изберете го вашето име
4. Изберете **View history statement (PDF)**

## Австралиски регистар за имунизација (Australian Immunisation Register)

Јавете се на **Australian Immunisation Register** на **1800 653 809** меѓу 8 наутро и 5 попладне, од понеделник до петок.

Замолете ги да ви ја испратат вашата **immunisation history statement**. Може да земе 14 дена за потврдата да стигне преку пошта.

Ако ви треба преведувач, ве молиме јавете се во **Службата за преведувачки услуги преку телефон (TIS)** на **131 450**.

## Мојот здравствен картон (My Health Record)

Ако немате Medicare картичка, можете да ја добиете **потврдата за историја на имунизација** од **My Health Record**.

1. Пријавете се на вашата **myGov** сметка (my.gov.au) и изберете **My Health Record**
2. Изберете го вашето име
3. Во делот **Documents (Документи)**, изберете **Immunisations (Имунизација)**

За повеќе информации како да ја добиете вашата потврда за историјата на имунизација, отидете на servicesaustralia.gov.au/ihs

За да дознате повеќе за COVID-19 Vaccination Program во Нов Јужен Велс, отидете на health.nsw.gov.au/covid-19

Australian Government
Department of Health

NSW GOVERNMENT